**ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС**
**СТ.бр.116/2011**
**18.01.2012 год.**
**ВЕЛЕС**

# О Г Л А С

Со решение СТ бр.116/2011 од 18.01.2012 год. на Основен суд Велес, **СЕ ПОВЕДУВА ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА** за испитување на условите за отворање на стечајна постапка над должникот Приватна здравствена установа -Аптека ФАРМА-МЕД Валандово со седиште на ул.Страшо Пинџур б.б. Валандово, со жиро-сметка бр.210062872800183 во НЛБ Тутунска Банка АД Скопје, со единствен матичен број на субјектот 6287280, со единствен даночен број 4003007500177.

Се закажува рочиште за испитување на условите за отварање на стечајна постапка на ден 20.02.2012 год. во 10,00 часот во судница 2 на Основниот суд Велес.

**ЗА ПРИВРЕМЕН СТЕЧАЕН УПРАВНИК СЕ ИМЕНУВА** лицето **Јордан Ставревски од Велес** ул.Љубен Весов бр.128 број на телефон 071-278-810.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** привремениот стечаен управник да изготви писмен извештај по извршен увид во деловната и книговодствената евиденција на должникот и да утврди дали должникот има движен и недвижен имот, неизмирени обврски спрема доверители, обврски по основ на плата и придонеси од плата, да ја утврди состојбата по однос на платени даноци и придонеси, побарувања од купувачи, стоки на залиха опрема и инвентар, состојбата на средствата на сметката на должникот дали истата е блокирана, доколку е блокирана основот и висината на блокадата и дали должникот е неспособен за плаќање.

Против ова решение не е дозволена жалба.

**Стечаен судија**
Александар Шопов

**Објавено на Огласна табла на судот на ден 18.01.2012 година во 16,00 часот.**